Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 69, 1 ноември 2011 година

ноември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/ специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во наставно-научната област производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Методи на испитување во минералната технологија” од проф. д-р Мирјана Голомеова и проф. д-р Благој Голомеов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Минерални ресурси 2” од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Хигиена со медицинска екологија“ од проф. д-р Михаил Кочубовски и науч. сор. д-р Владимир Кендровски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Мерење и мерни инструменти“ од д-р Братица Темелкоска, доцент на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ „ХИГИЕНА СО МЕДИЦИНСКА ЕКОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р МИХАИЛ КОЧУБОВСКИ И НАУЧ. СОР. Д-Р ВЛАДИМИР КЕНДРОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот на Факултетот за медицински науки, Наставно-научниот совет на Факултетот на својата 54. редовна седница, одржана на 16 септември 2011 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за пишување рецензија за учебникот по предметот Хигиена со медицинска екологија со наслов „Хигиена со медицинска екологија”, наменет за додипломски студии за студентите по медицина. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Никола Камчев и проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, формирана со Одлука број 2502-97/29 од 16 септември 2011 година го разгледа и внимателно го проучи доставениот материјал.

Подготовката на учебникот е одобрена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, кој е наменет за студентите на додипломските студии по медицина и стоматологија, како базично наставно помагало.

Прегледувајќи го доставениот текст на учебникот, Рецензентската комисија во состав:
- проф. д-р Никола Камчев
- проф. д-р Ѓорѓи Шуманов

го изготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Особена чест и задоволство претставува дадената можност, како избрани рецензенти, да го проучиме текстот за учебник со наслов „Хигиена со медицинска екологија“, заради негова евалуација. Проф. д-р Михаил Кочубовски е наставник кој ја води теоретската и практичната настава по предметот Хигиена со медицинска екологија. Уредници на учебникот се проф. д-р Михаил Кочубовски и науч. сор. д-р Владимир Кендровски.

Учебникот е изготвен согласно со Наставната програма по предметот Хигиена со медицинска екологија на Факултетот за медицински науки, со примена на основните принципи на медицина базирана врз докази, јавно-здравствен пристап и еколошки модел.

Учебникот е организиран во два дела: I - општ и II - специјален дел.

Општиот дел се состои од: (1) Вовед и (2) Јавно-здравствен аспект на ризиците на животната средина.

Специјалниот дел се состои од две тематски области – II.1 „Здравствена екологија” и II. 2 „Безбедност на храна и исхрана”.

Тематската област II.1 „Здравствена екологија” ги содржи следниве поглавја: (1) Хигиена на воздухот и јавно-здравствени аспекти на аерозагадувањето, (2) Хигиена на вода и јавно-здравствен аспект на водоснабдувањето и санитацијата, (3) Јавно-здравствен аспект на површинските води и водите наменети за капење и рекреација, (4) Јавно-здравствен аспект на почвата, (5) Јавно-здравствен аспект на отпадните материи, (6) Јавно-здравствен аспект на училишната хигиена, (7) Јавно-здравствен аспект на јонизирачкото зрачење, (8) Јавно-здравствен аспект на нејонизирачкото зрачење, (9) Здравствено-еколошки аспекти на бучавата во животната средина, (10) Принципи на лична хигиена, рекреација и спорт од хигиенски аспект за превенција од појава на срцево-садови заболувања, дебелина, шеќерна болест и др.

Тематската област II.2 „Безбедност на храна и исхрана” се состои од следниве поглавја: (I) Хигиена на исхрана која опфаќа: (1) Основни хранливи материи, (2) Енергетска вредност на храната, (3) Методи за проценка на состојба на исхранетост, (4) Диететски испитувања, (5) Исхраната како морбоген фактор, (6) Препораки за правилна исхрана и

(II) Безбедност на храната и исхраната која опфаќа: (1) **Храна од** растително потекло, (2) Храна од животинско потекло, (3) Безбедност на храна – односи на чинителите, (4) Болести поврзани со храната, (5) Контрола на безбедноста на храната, (6) Безбедноста на храната од меѓународен аспект и (7) Стратешка рамка.

Темите во овој универзитетски учебник се изнесени јасно, со високостручен но разбирлив јазик и стил и во себе ги интегрираат проучувањето на здравствено-еколошките ризици, јавно-здравствените аспекти и политики за превенција и намалување на здравствените ризици, заболувања и нарушувања. Понудени се актуелни домашни и меѓународни сознанија, искуства, со назначени референци за понатамошно усовршување од соодветните области. Во учебникот се прикажани најновите сознанија од здравствено-еколошката и јавно-здравствената научноистражувачка методологија со применет пристап теорија базирана на пракса.

Во подготовката на учебникот се користени референци, актуелни основни стандарди и законски прописи, кои овозможуваат на едноставен начин студентите да се стекнат со неопходните знаења и вештини кои се предвидени со наставниот програм.

Учебникот е наменет за студентите по општа медицина и стоматологија за предметот Хигиена со медицинска екологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Овој учебник на македонски јазик во кои за прв пат е интегрирана и теоретската и практичната настава може да им послужи и на дипломираните доктори по медицина и стоматологија, како и на специјалистите по хигиена и здравствена екологија, за квалитетно дополнување и унапредување на веќе стекнатите знаења и стекнување на практични вештини од областите на здравствената екологија, безбедноста на храната и исхраната. Исто така ќе можат да ги осознаат и најновите национални законски прописи кои се хармонизирани со директивите и регулативите на Европската унија, најновите стручни аспекти од упатствата на Светската здравствена организација и Кодекс „Алиментариус", како и други референтни меѓународни организации за дефинирање и управување со јавно-здравствените ризици, како и за спроведување на есенцијалните јавно-здравствени функции кои се дефинирани во: Законот за јавно здравје и Законот за безбедност на храна. Според наше мислење, учебникот ќе обезбеди соодветен и квалитетен наставен материјал на македонски јазик од хигиена на безбедност на храната и нутриција за студентите. Учебникот ќе обезбеди стекнување на знаења од областа на безбедност на храната и нутриција, научноистражувачките методи за проценка и управување на здравствениот ризик од небезбедна храна и нутритивни ризици, најновите аспекти од релевантната национална и од легислативата на Европска унија, Кодекс „Алиментариус", како и стручните упатства на Светската здравствена организација.

Заради интердисциплинарноста во тематските области овој учебник ќе може да им биде од корист и на санитарните и здравствени инспектори, инспекторите за храна и инспекторите за животна средина.

Иако се работи за нагласено мултисекторска и мултидисциплинарна област, содржините во секое поглавје се изнесени јасно, со високо стручен но разбирлив јазик и стил за оние на кои им е наменет, пред сé за студентите по медицина.

Понудени се најнови домашни и меѓународни сознанија и референци од сите обработени области.

Учебникот се состои од 403 страници во А4 формат и изобилува со квалитетни илустрации-слики (48), табели (61) и графикони (12). Во текстот на секое од поглавјата се понудени најнови домашни и меѓународни референци, како и одредени интернет адреси.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот за студентите по медицина и стоматологија со наслов „Хигиена со медицинска екологија” од авторите Михаил Кочубовски и Владимир Кендровски содржи материјал кој ќе им послужи на студентите по медицина и стоматологија полесно да ги совладаат конкретните содржини од предметот Хигиена со медицинска екологија кои се обработуваат во четвртиот семестар на додипломските студии (прв циклус на студии). По обемот и содржината, приложениот материјал соодветствува со наставната програма од предметот Хигиена со медицинска екологија и кореспондира со утврдениот критериум за обем на ракопис за учебник.

Сите поглавја со теоретски и практични материјали се на најдобар начин вклопени во единствена целина. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет. Во него се застапени голем број слики, табели и графикони, што го прави приложениот текст да биде појасен и полесно разбирлив за студентите.

На мнение сме дека и овој учебник сигурно ќе претставува значаен придонес кон напорите за обезбедување медицинска литература посебно од областа на јавното здравство дефицитарна со овакви помагала во нашава средина на македонски јазик.

Врз основа на увидот во приложениот материјал од учебникот по предметот Хигиена со медицинска екологија со наслов „Хигиена со медицинска екологија” Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја усвои рецензијата.

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Камчев, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, с.р.**